ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКА ЕТИКА – ПОЛИМАТ 13
ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT, EDUCATION AND ECOLOGICAL ETHICS –POLYMATH 13
ул. „Маршал Тито“ бр.64, 1484 Богданци

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

2023 година е многу значајна година за ПОЛИМАТ 13. За прв пат го организиравме и спроведовме ДЕНОТ НА АСТРАГАЛУСОТ, ден на кој ја славиме нашата природна реткост - растението *Astragalus physocalyx* кое расте на територијата на општина Богданци. Во рамки на проектот „Градење на локалните капацитети за управување со Значајното растително подрачје Богданци“ со поддршка на Critical Ecosystem Partnership Fund, во соработка со Општина Богданци и локалните училишта за прв пат беше реализиран овој настан. Настанот беше исполнет со многу едукативни и забавни активности за децата и младите од предучилишна и училишна возраст. Денот започна со искачување по патеката на Астрагалусот, најмалите цртаа на тема природа, додека учесниците од локалните основни и средното училиште се натпреваруваа во брзо редење на сложувалки и квизови за диви растенија. Настанот е од големо значење за нашата заедница бидејќи преку спроведување на едукативни активности на забавен начин децата и младите учат да ја почитуваат природата и нејзините вредности, што од своја страна ќе придонесе кон поголема грижа и нејзино зачувување.












Реализирани проекти во 2023

Градење на локалните капацитети за управување со Значајното растително подрачје Богданци

Преку мониторинг на растението *Astragalus physocalyx* ПОЛИМАТ 13 спроведе едукација на четворица студенти, три студентки на Природно-Математички факултет и еден студент на Шумарски факултет. Целта на оваа активност беше поголема афирмација на ЗРП „Богданци“ помеѓу младите луѓе, идни биолози и еколози и изработка на абстракт кој беше изработен од студентите и беше објавен на веб страната на Македонско еколошко друштво и во месечното издание на здружението Истражувачко друштво на студенти билози.

Во рамки на проектот беа спроведени 2 обуки на кои претставници на локалната самоуправа, училиштата и здруженија од општина Богданци имаа можност да ги зголемат своите знаења во однос на управување со заштитено подрачје, како и за обврските и можностите за развој кои ги носи прогласување на заштитено подрачје.

Можност да видат како се управува со Натура 2000 подрачја во Хрватска имаа претставници на институции и здруженија од општина Богданци. Студиското патување се одржа кон крајот на месец јуни во организација на ПОЛИМАТ 13. Беа посетени два Центри за природа кои управуваат со сите заштитени подрачја во Крапинско – Загорската жупанија и Меѓимурската жупанија. Целта на ова патување беше да се увидат придобивките во рамките на Натура 2000 подрачје и можностите кои постојат за искористување на различни ресурси за зачувување, заштита и поголема свесност за природата и околината кои нè опкружуваат.

Преку овој проект ПОЛИМАТ 13 имаше можност да изработи Стратешки план за периодот 2024 – 2029 што ќе придонесе за трасирање на патот кон понатамошен развој на организацијата. Во ова време на предизвици за зачувување на животната средина во стратешкиот план се претставени нашите цели за постигнување на баланс помеѓу развојот на заедницата и заштита на природата.









Одржливо управување со електроски отпад – сервис за поправка и правилно одлагање на ОЕЕО во општините Богданци и Дојран

Проектот имаше за цел да промовира одржливо и совесно управување со електричен и електронски отпад и минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад.

Проектните активности се спроведуваа во општините Богданци и Дојран и опфаќаа реализација на кампања за поправка на материјали од електричен и електронски отпад, организирање и опремување на простор со опрема за поправка на стара ИТ опрема, бела техника и мобилни телефони но и јакнење на капацитетите на преставниците на граѓанскиот сектор и менторство и обука на четири млади заинтересирани лица за справување со електричен и електронски отпад.

ПОЛИМАТ 13 во периодот од 25-27 мај во Струмица во рамките на проектот организираше обука за можностите и начините за справување со електронски и електричен отпад и неговото влијание врз животната средина. Учесници на обуката беа ученици од СОУ „Богданци“ од општините Богданци и Дојран кои преку оваа обука на интерактивен начин имаа можност да се едуцираат и да дискутираат за влијанието на електронскиот и електричниот отпад врз животната средина и човековото здравје, кои се начините на управување со ваков вид на отпад, како и за можностите кои ние индивидуално или како заедница можеме да ги преземеме за да го намалиме таквиот отпад.

Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите на учесниците за заштита на животната средина. Преку овие обучени млади луѓе и преку мисијата на организацијата ќе може да се прошири оваа активност за справување со овој вид на отпад на територијата на целиот микро регион со цел што поголем број на семејства да се запознаат со важноста за правилно третирање на овој отпад и неговите штетни влијанија по целокупната животна средина и човекот.

Под менторство на искусен мајстор нашите млади волонтери од месец јуни до месец декември ги следеа обуките за дијагностика и поправка на електронски и електрични апарати. Во просториите кои се опремени со инструменти и алат волонтерите имаа можност да се стекнат со практично знаење и вештини. Овие 4 млади луѓе се стекнаа со стручни знаења и познавања за дијагностика и поправка на електронски уреди, но и за управување со електронски и електричен отпад. Преку секојдневните активности во проектот – собирање на електронски и електричен отпад, поправка и складирање на истиот се подигна свеста на жителите од општините Богданци и Дојран за важноста на третирање на овој отпад и неговите штетни влијанија по животната средина.

Овој проект се спроведе со финансиска поддршка од Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ ПМГ) и учества на здружението ПОЛИМАТ 13 и Општина Богданци и Општина Дојра







